**З А П И С Н И К**

**Од 22-та редовна седница на Советот на општина Василево**

Советот на општина Василево ја одржа 22-та редовна седница на ден 03.07.2019 година (Среда) со почеток во 09.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците:Наце Коцев и Виолета Ристова

На седницата присуствуваа: Марјан Јанев градоначалник на општина Василево, Верче Миткова, и Славе Андонов представници од општинската аддминистрација, Здравко Стефановски раководител и кординатор на проектот на Европска банка за обнова и развој

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 22-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 21-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 13.06.2019 година, немаше забелешќи од страна на советниците, од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

По Записникот од Вонредната седница на Совет на општина Василево одржана на ден 25.06.2019 година беше отворена расправа, немаше забелешќи од страна на советниците, беше ставен на гласењ од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, „ против,, нема и „ воздржани,, 4.

По Записникот од Вонредната седница на Совет на општина Василево одржана на ден 28.06.2019 година беше отворена, немаше забелешќи, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, „ против,, нема и „ воздржани,, 4.

За работа на 22-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1.Давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ„ Прва радост“- Василево бр.01-232/1 од 17.06.2019 г.

2.Давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ „Прва радост“- Василево бр.01-233/1 од 17.06.2019 г.

3.Давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“- Василево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на давателите на јавни

услуги и на директорот вработени во ЈОУДГ „Прва радост“ -Василево бр.02-238/1 од 21.06.2019г.

4.Предлог-Програма за енергетска ефикасност на Општина Василево за 2019 година.

5.Предлог-Одлука за прифаќање на физибилити студијата за улично осветлување во Општина Василево за 2019 година

6.Предлог-Одлука за создавање на јавно приватно партнерство за енергетски услуги и изведба за јавно осветлување на површини од јавен интерес во општина Василево.

7.Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5.5 м3 .

8.Предлог-Одлука за земање на кредит за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5.5 м3

9.Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Катерина Јовановска од с.Градошорци.

10.Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од здружението ЗЗП „Агросојуз“-Василево.

11.Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од здружението „Басмак Василево“ од Василево.

12.Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ловечко Друштво ‘’ Фазан “ од Василево.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 22 – та седница на Совет за збор се јави Крсте Панев  председател на Советот на општина Василево предложи измена на дневниот ред:
Четвртата точка; Предлог-Програма за енергетска ефикасност на Општина Василево за 2019 година. да биде како прва точка од дневниот ред.
Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев за изменана дневниот ред Четвртата точка; Предлог-Програма за енергетска ефикасност на Општина Василево за 2019 година. да биде како прва точка од дневниот ред, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа„ за„ „ против„  и „ воздржани„ нема.

Крсте Панев предлага петата точка од дневниот ред :Предлог-Одлука за прифаќање на физибилити студијата за улично осветлување во Општина Василево за 2019 година да биде како втора точка од дневниот ред.

Немаше друг пријавено за збор, предлогот на Крсте Панев: петата точка од дневниот ред :Предлог-Одлука за прифаќање на физибилити студијата за улично осветлување во Општина Василево за 2019 година да биде како втора точка од дневниот ред, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Крсте Панев предлага шестата точка од дневниот ред:Предлог-Одлука за создавање на јавно приватно партнерство за енергетски услуги и изведба за јавно осветлување на површини од јавен интерес во општина Василево да биде како трета точка од дневниот ред.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев шестата точка од дневниот ред:Предлог-Одлука за создавање на јавно приватно партнерство за енергетски услуги и изведба за јавно осветлување на површини од јавен интерес во општина Василево, да биде како трета точка од дневниот ред, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Крсте Панев предлага да се иземат 7 и 8 точка од дневниот ред.

7. точка:Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5.5 м3 .

8.точка: Предлог-Одлука за земање на кредит за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5.5 м3

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево даде образложение за причините поради кој се повлекуват седмата и осма точка од дневниот ред, рече дека согласно насоките од Министерството за финансии неопходни се дополнителни измени во предлог-одлуките, поради што истите ќе бидат ставени на дневниот ред на наредната седница.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Крсте Панев да се иземе 7 точка од дневниот ред:Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5.5 м3 , беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4.

Предлогот на Крсте Панев да се иземе 8.точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за земање на кредит за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5.5 м, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4.

Христина Гошева предлага надополнување на дневниот ред уште за 2 дополнителни точки

Како 11 точка од дневниот ред да биде: Донесување Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Крстева Сузана.

Како 12 точка од дневниот ред да биде: Донесување Одлука по Барањето за одобрување финансиска средства за печатење на книга поднесено од Киро Донев.

Немаше друг пријавено за збор,првиот предлог на Кристина Гошева како Како 11 точка од дневниот ред да биде: Донесување Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Крстева Сузана. беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа„ за„ „ против, и „ воздржани„ нема.

Вториот предлог на Христина Гошева како дополнителна 12 точка на дневниот ред да биде: Донесување Одлука по Барањето за одобрување финансиска средства за печатење на книга поднесено од Киро Донев, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа„ за„ „ против, нема и „ воздржани„ 1

Дневниот ред со направените измени четвртата точка Предлог-Програма за енергетска ефикасност на Општина Василево за 2019 година, да биде како прва точка од дневниот ред.
Петата точка од дневниот ред :Предлог-Одлука за прифаќање на физибилити студијата за улично осветлување во Општина Василево за 2019 година да биде како втора точка од дневниот ред.
Шестата точка од дневниот ред:Предлог-Одлука за создавање на јавно приватно партнерство за енергетски услуги и изведба за јавно осветлување на површини од јавен интерес во општина Василево.да биде како трета точка од дневниот ред.

да се платат 7 и 8 точка од дневниот ред.

7. точка:Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5.5 м3 .

8.точка: Предлог-Одлука за земање на кредит за набавка на Специјално возило за собирање и транспорт на смет / Специјално комунално возило за собирање смет со капацитет 5.5 м3

Со усвоените 2 предлози на Христина Гошева како дополнителни точки на дневниот ред да бидат:

Како 11 точка од дневниот ред да биде: Донесување Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Крстева Сузана.

Како 12 точка од дневниот ред да биде: Донесување Одлука по Барањето за одобрување финансиска средства за печатење на книга поднесено од Киро Донев.

беше ставено на гласење гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ немаше..

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог-Програма за енергетска ефикасност на Општина Василево за 2019 година.за збор се јави Крсте Панев претседател на комисиојата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа„ за„ „ против„ 1 и „ воздржани,нема„.

Немаше друг пријавено за збор првата точка од дневниот ред: Предлог-Програма за енергетска ефикасност на Општина Василево за 2019 година беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа„ за„ „ против„4 и „ воздржани„нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за прифаќање на физибилити студијата за улично осветлување во Општина Василево за 2019 година за збор се јави Крсте Панев претседател на комисиојата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа„ за„ „ против„ 1 и „ воздржани,нема„.

Сања Христова член на Советот на општина Василево праша од кого е изработена физибилити студијата за улично осветлување во Општина Василево побара образложение.

Обралазложеније за Спецификите и суштината на проектот даде раководителот на Европската банка за обнова и развој Здравко Стефановски. рече дека Општина Василево преку ЈПП (Јавно приватно партнерство) со ЕСКО компанија (Компанија за енергетски услуги) ќе обезбеди енергетски ефикасно улично осветлување, за кое нема да потроши ниту денар од сопствениот буџет. Изведбата и финансирањето ќе биде од приватни енергетски компании, т.н ЕСКО компании ( Energy Services Company), односно фирми кои ќе даваат услуги во енергетскиот сектор, а својата услуга ќе ја наплаќаат преку направената заштеда на енергија

„Регионалната Програма за енергетска ефикасност која е финансирана од Европската унија, а раководена од Европската банка за обнова и развој во соработка со

Секретаријатот за енергетската заедница, има за цел да ги поддржи проектите за енергетска ефикасност и тоа во секторот за улично осветлување и малите дистрибутивни системи за греење. Истите се спроведуваат и финансираат од приватни енергетски компании, т.н ЕСКО компании ( Energy Services Company), односно фирми кои ќе даваат услуги во енергетскиот сектор. Општина Василево е една од општините кои изразија интерес во првиот повик и е една од у првите седум општини во државата во кои се спроведува овој пилот проект. Целокупното финансирање го спроведува приватна ЕСКО компанија, односно фирма која врши услуги во енергетскиот сектор“ рече во својата презентација Стефановски притоа објаснувајќи го детално начинот на кој општината преку месечните заштеди во енергија ќе го плаќа ануитетот кон ЕСКО компанијата која ќе биде избрана на тендер.

Бенефитот на општината е повеќекратен и долгорочен бидејќи се обезбедува квалитетно енергетски ефикасно улично осветлување кое континуирано ќе бележи заштеди односно пониски сметки за потрошена електрична енергија по основ на улично осветлување, како и опрема која и по завршувањето на договорот останува во сопственост на јавниот партнер односно на општината.

Целиот овој процес е раководен од Европската банка за обнова и развој во соработка со Секретаријатот за енергетската заедница со кој Република Северна Македонија има потпишано Договор за соработка. Василево, Валандово, Радовиш се дел од пилот општините кои преку проект финансиран од Европската унија ќе обезбедат енергетско ефикасно улично осветлување или мали дистрибутивни системи за греење . Проектот ќе се реализира преку јавно-приватно партнерство со ЕСКО компании (фирми кои со својата дејност одговараат на проектот и сакаат да се вклучат ) а Европската банка за обнова и развој ќе ги подготвува потребните документи и договори.

,,Од заштедата на енергија, директен бенефит ќе имаат општините. Финансирањето, изведбата и гаранциите ги сносат ЕСКО компаниите, а јавниот сектор односно општините го плаќаат ануитетот према ЕСКО компаниите, исклучиво преку заштедата на енергија во месечни ануитети. Тоа значи дека по завршувањето на договорот меѓу ЕСКО компанијата и општината, во целост заштедата на енергија и опремата остануваат на јавниот партнер. За таа цел Европската банка презема со себе да го помогне целиот овој процес и ги подготвува т.н. „Energy performance“ договори, односно фирмите што ќе даваат услуги во јавниот сектор”, рече Здравко Стефановски, координатор на проектот на ЕБОР .

Освен овие три општини од југоистокот во проектот се вклучени и општините Маврово Ростуше, Македонска Каменица и Пробиштип. Најдоцна до 15 јуни ќе биде објавена

тендерската документација а во меѓувреме овие општини треба да ја подготват целокупната техничка документација и спецификација што ќе биде основ ЕСКО компаниите да можат да излезат со свои понуди према јавниот сектор.

Сања Христова праша дали постојат Македонски ЕСКО компании и дали ќе бидат изememени ингеренциите на ЈКП.

Здравко Стефановски, координатор на проектот на ЕБОР рече дека постојат Македонски ЕСКО компании зависи со кого ќе биде подпишано договор, исто така нема да бидат иземени ингеренциите на јавното комунално претпријатие, јкп ќе продолжи да врши услуги како и досега.

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред:; Предлог-Одлука за прифаќање на физибилити студијата за улично осветлување во Општина Василево за 2019 година беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,,4.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: .Предлог-Одлука за создавање на јавно приватно партнерство за енергетски услуги и изведба за јавно осветлување на површини од јавен интерес во општина Василево,за збор се јави Крсте Панев претседател на комисиојата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, 1 и ,, воздржани,нема,.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред.Предлог-Одлука за создавање на јавно приватно партнерство за енергетски услуги и изведба за јавно осветлување на површини од јавен интерес во општина Василево, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ,, Прва радост“- Василево бр.01-232/1 од 17.06.2019 г. за збор се јави Блаже Коцев претседател на комисиојата за Статут и Прописи рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Сања Христова член на Советот на општина Василево според материјалите од правилникот за систематизација на работните места во кој што ги има разгледано ЈОУДГ„ Прва радост“- Василево побара образложение на што се однесува систематизацијата дали станува збор за испразнети места сметководител и садомијач и воспитач на деца на возраст од 2 до 6 години.

Бранко Андонов вд директор на ЈОУДГ„ Прва радост“- Василево рече дека овој правилник за систематизација на работни места е во согласно законот за проширување на јавната аддминистрација. Сето тоа е усогласено со Министерството за труд и социјална политика има одобрено три работни места бидејќи има 8 вработени според бројот на вработените 20 % од вкупниот број на вработени, се работи за одобрени 3 работни места од Министерството за труд и социјална работа садомијач и воспитач и книговодител. Досега за книговодствените работи беа ангажирани приватни фирми.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ„ Прва радост“- Василево бр.01-232/1 од 17.06.2019 г. беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 4.

5.

По отворената расправа по петата точка: Давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ „Прва радост“- Василево бр.01-233/1 од 17.06.2019 г. збор се јави Блаже Коцев претседател на комисиојата за Статут и Прописи рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Немаше друг пријавено за збор петата точка од дневниот ред: Давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ „Прва радост“- Василево бр.01-233/1 од 17.06.2019 г. беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 10 гласа„ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 3.

6.

По отворената расправа по шестата точка: Давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“- Василево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и на директорот вработени во ЈОУДГ „Прва радост“ -Василево бр.02-238/1 од 21.06.2019г. за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисиојата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5 гласа гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Бранко Андонов вд директор на ЈОУДГ„ Прва радост“- Василево рече дека. станува збор за зголемување на платата за 16% за сите вработени во градинката што ќе започне со исплатата на јунската плата и истото е во согласност со препораките односно Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2019 година, донесена од Министерството за труд и социјална политика, смета дека Советот треба да даде согласност на Одлуката

Немаше друг пријавено за збор шестата точка од дневниот ред: Давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“- Василево за утврдување вредност на бод за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и на директорот вработени во ЈОУДГ „Прва радост“ -Василево бр.02-238/1 од 21.06.2019г. беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Катерина Јовановска од с.Градошорци. за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисиојата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена со 5 гласа гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема го усвои Барањето да се доделат финансиски средства во висина од 30.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор усвоениот предлог од комисијата да се доделат финансиски средства во висина од 30.000 денари. по Барање за финансиски средства поднесено од Катерина Јовановска од с.Градошорци, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 1.

Седмата точка Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Катерина Јовановска од с.Градошорци со усвоениот предлог да се доделат финансиски средства во висина од 30.000 денари, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 1.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од здружението ЗЗП „Агросојуз“-Василево.за збор се јави Блаже Коцев член на комисијата за рече дека комисијата на седницата ја разгледа Барањето од 5 присутни члена со 3 гласа гласа„ за„ „ против„2 и „ воздржани„ нема го усвои предлогот да се доделат финансиски средства во висина од 10.000 денари.

Немаше друг пријавено усвоениот предлог од комисијата да се доделат финансиски средства во висина од 10.000 денари. по Барање за финансиски средства поднесено од од здружението ЗЗП „Агросојуз“-Василево, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „ за„ „ против„ 4 и „ воздржани„ нема.

Осмата точка Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од здружението ЗЗП „Агросојуз“-Василево со усвоениот предлог од комисијата да се доделат финансиски средства во висина од 10.000 денари. беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „ за„ „ против„ 4 и „ воздржани„ нема.

9.

По отворената расправа по деветата точка: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од здружението „Басмак Василево“ од Василево. за збор Атанас Ристов претседател на комисиојата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена со 3 гласа гласа„ за„ „ против„ 2 и „ воздржани„ нема го усвои предлогот да се доделат финансиски средства во висина од 10.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во висина од 10.000 денари. по Барање за финансиски средства поднесено од од здружението „Басмак Василево“. од Василево, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „ за„ „ против„ 4 и „ воздржани„ нема.

Деветата точка од дневниот ред; Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од здружението „Басмак Василево“ од Василево со усвоениот предлог од комисијата да се доделат финансиски средства во висина од 10.000 денари, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „ за„ „ против„ 4 и „ воздржани„ нема. Поради судир на интереси Марјан Трајков беше иземен од гласење.

10.

По отворената расправа по десетата точка: Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ловечко Друштво ‘’ Фазан “ од Василево за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена со 3 гласа гласа„ за„ „ против„ 2 и „ воздржани„ нема го усвои предлогот да се доделат финансиски средства во висина од 25.000 денари.

Марјан Трајков член на Советот на општина Василево рече дека има забелешка на комисијата при распоредување на средствата за финансиски помош потенцирајќи дека тој има доставено барање и годишна програма и бара 30,000 денари праша дали има методологија по која се определуват средствата за финансиска помош.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека средствата за финансиска помош се распоредуват според потребите и можмостите на општината.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во висина од 25.000 денари. по Барање за финансиски средства поднесено од од Ловечко Друштво ʼʼ Фазан ʺ од Василево, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 4.

Десетата точка од дневниот ред Донесување на Одлука по Барање за финансиски средства поднесено од Ловечко Друштво ʼʼ Фазан ʺ од Василево со усвоениот предлог од комисијата да се доделат финансиски средства во висина од 25.000 денари, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ 4.

11.

По отворената расправа по единаесетата точка: Донесување Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Крстева Сузана. за збор се јави Фанче Томова член на Советот на општина Василево предлага да се доделат финансиски средства во износ од 10.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Фанче Томова да се доделат финансиски средства во износ од 10.000 денари.по барањето поднесено од Крстева Сузана, беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ нема.

Единаесетата точка: Донесување Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Крстева Сузана со усвоениот предлог да се доделат финансиски средства во износ од 10.000 денари , беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„ нема.

12.

По отворената расправа по дванаесетата од дневниот ред да биде: Донесување Одлука по Барањето за одобрување финансиска средства за печатење на книга поднесено од Киро Донев. за збор се јави Христина Гошева член на Советот на општина Василево рече дека с барат средства од 30,000 денари за печатење на книга но според можностите на општината нејзин предлог е да се доделат финансиски средсства во износ од 8000 денари

Немаше друг пријавено збор предлогот од Кристина Гошева да се доделат финансиски средства во износ од 8.000 денари беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„5 .

Дванаесетата точка: Донесување Одлука по Барањето за одобрување финансиска средства за печатење на книга поднесено од Киро Донев со усвоениот предлог да се доделат финансиски средства во износ од 8.000 денари беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа „ за„ „ против„ нема и „ воздржани„5 .

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 22- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

**Совет на општина Василево**
**Претседател,**
**Крсте Панев**